Врз основа на член 73 став (1) точка 2 потточка 2.3 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) и член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на РСМ“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на 19 јуни 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Соња Ноки УП2 бр. 09-215/26 од 4 мај 2026 година против Фактури за испорачана електрична енергија бр. 1159205161 од 31.12.2025 за период 09.04.2021-31.12.2021, 1159205163 од 31.12.2025 за период 01.01.2022-31.12.2022, 1159205164 од 31.12.2025 за период 01.01.2023-31.12.2023, 1159205166 од 31.12.2025 за период 01.01.2024-31.12.2024 и 1159205167 од 31.12.2025 за период 01.01.2025-31.12.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Фактурите за испорачана електрична енергија бр. 1159205161 од 31.12.2025 за период 09.04.2021-31.12.2021, 1159205163 од 31.12.2025 за период 01.01.2022-31.12.2022, 1159205164 од 31.12.2025 за период 01.01.2023-31.12.2023, 1159205166 од 31.12.2025 за период 01.01.2024-31.12.2024 и 1159205167 од 31.12.2025 за период 01.01.2025-31.12.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОТВРДУВААТ.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Соња Ноки до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-215/26 од 4 мај 2026 година против Фактури за испорачана електрична енергија бр. 1159205161 од 31.12.2025 за период 09.04.2021-31.12.2021, 1159205163 од 31.12.2025 за период 01.01.2022-31.12.2022, 1159205164 од 31.12.2025 за период 01.01.2023-31.12.2023, 1159205166 од 31.12.2025 за период 01.01.2024-31.12.2024 и 1159205167 од 31.12.2025 за период 01.01.2025-31.12.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје.

Според ЕВН ХОМЕ – за место на потрошувачка со број 103000822449, за броило со број 84212177 сторнирани се фактури за период 04.2021 година заклучно со 12.2025 година врз основа на утврдени помешани изводи со друг корисник.

За корисникот Соња Ноки изготвени се нови коригирани фактури за истиот период со број 1159205161, 1159205163, 1159205164, 1159205166, 1159205167. Платениот износ од сторнираните фактури, автоматски е раскнижен/порамнет со новоизготвените коригирани фактури, додека пак преостанатиот износ од наведените фактури потребно е корисникот да го подмири.

Бидејќи станува збор за повисок износ за наплата според наведените коригирани фактури, за фактурата која е изготвена за последните 12 месеци (последната година) може да се одобри договор на максимален број од 10 рати со камата. За останатите фактури може да се изготви договор на 60 рати без камата.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 9 јуни 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-215/26 од 4 мај 2026 година со прилог:
- Приговараните фактури
- Комуникација со ЕВН ХОМЕ
2. Одговор на приговор и дополнителни докази од 18 мај 2026 година со прилог:
- Извештај за отчитани состојби на броилото

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, фактурирањето за целиот опфатен период од 56 месеци е извршено врз основа на реално утврдена потрошувачка, земајќи ги предвид податоците од двете броила кои биле во употреба во различни временски интервали.

Струјомерот со број 67874608 бил во употреба вкупно 41 месец. За него постојат реални месечни податоци за последните 15 месеци, пред извршената демонтажа/монтажа на 12.09.2024 година.

Струјомерот со број 84212174 е во употреба 15 месеци, и за целиот тој период постојат реални месечни податоци, од моментот на неговата монтажа.

Со тоа, за целиот период од 56 месеци се обезбедени 30 последователни реални месечни отчитувања (15 од првиот струјомер и 15 од вториот). За месеците во кои не е вршено отчитување, потрошувачката е утврдена врз основа на разликата меѓу почетната состојба и состојбата констатирана од РД.

На овој начин, фактурирањето е извршено врз основа на комбинација од реални месечни податоци и утврдени состојби, со цел да се обезбеди точна и правична распределба на потрошувачката за целиот опфатен период.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–215/26**
**19 јуни 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**